# Специјални понуди

Поволни понуди за патување по Европа се:

**InterRail Global** билети кои важат во следниве европски земји: Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка, Данска, Финска, Франција, Германија, Велика Британија, Грција, Унгарија, Италија, Луксембург, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Ирска, Романија, Србија, Словачка, Словенија, Шпанија, Швајцарија, Шведска, Турција, на фериботот помеѓу Италија и Грција, кој е во сопственост на Attica Group, и на Minoan линијата помеѓу Италија и Грција.

Билетите **InterRail** и **Global Pass** можат да се користат за „континуирано“ патување за следниве временски периоди:

за 15 и 22 дена и за 1 месец

за 5 и за 10 дена

за 10 и за 22 дена

Билетите за понудата InterRail One Country Pass овозможуваат избор на европска земја на патување. Овие билети може да се користат за следниве временски периоди:

- 3 дена во рамки од 1 месец
- 4 дена во рамки од 1 месец
- 6 дена во рамки од 1 месец
- 8 дена во рамки од 1 месец

Цената на билетите е по категорија на возраст: за деца, млади, возрасни и за сениори

Понудата, **Balkan Flexipass,** овозможува патување по поволни цени на територијата на: Бугарија, Романија, Грција,Турција, Црна Гора,Србија и Македонија.

Овој билет има важност од:

- 5 дена во рамки од 1 месец
- 10 дена во рамки од 1 месец
- 15 дена во рамки од 1 месец

Цената на билетот е по категорија на возраст: за деца, млади, возрасни и за сениори

Заедничките патувања ќе Ви бидат попријатни и поевтини користејќи ја понудата **CITY STAR**. Оваа понуда важи за релациите: Македонија-Австрија, Македонија-Хрватска,Македонија-Словенија, Македонија-Чешка и Македонија-Словачка.
Овие возни билети важат 1 месец. **CITY STAR** понудата овозможува патување во група од најмногу 5 патника. На еден патник му се пресметува редовна цена, а на неговите сопатниците им се наплатува половина од таа цена, додека ако еден од патниците е дете, се наплатува четвртина од редовната цената.

Во меѓународниот патнички сообраќај постојат повеќе понуди меѓу кои се:

За патниците кои патуваат во Србија, постојат повластени патувања по Тарифа СТ-20, како и понудите: СРБИЈА СПЕЦИЈАЛ која важи за поединечни повратни патувања за 2 класа за релациите:

• Скопје-Белград-Скопје

• Скопје-Ниш-Скопје,

со останатите Балкански земји се користи Тарифата СТ-20 за превозници на Југо-источна Европа.